Бр. 02-2380/2/24
11.06.2024 година

Врз основа на член 52 од Законот за инвестициски фондови (Службен весник на РМ бр.12/2009, со сите измени) и член 41 од Статутот на КБ Инвест АД Скопје, Одборот на директори на ден 11.06.2024 година го усвои следниот:

# С Т А Т У Т
# на
# Отворен инвестициски фонд
# КБ Инвест – Обврзници
# (пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Статут се уредува работењето на отворениот инвестициски фонд КБ Инвест – Обврзници (во понатамошниот текст: Фондот), правната положба на сопствениците на удели во Фондот, правниот однос на Фондот со КБ Инвест АД Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото или Друштвото за управување), како и други прашања од интерес за остварување на целите на Фондот.

**Член 2**

Отворениот фонд претставува посебен имот без својство на правно лице, кој се основа со прибирање парични средства од инвеститори преку јавен повик за купување удели во Фондот, а со кои за сметка на инвеститорите управува Друштвото за управување. Фондот стекнува деловна способност од денот на упис во Регистарот на фондови воден од страна на Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: КХВ).

## II. НАЗИВ НА ИНВЕСТИЦИСКИОТ ФОНД И ВИДОТ НА ФОНДОТ

**Член 3**

(1) Називот на Фондот гласи: Отворен инвестициски фонд КБ Инвест – Обврзници. Скратениот назив на Фондот гласи: о.и.ф. КБ Инвест – Обврзници. Во работењето со странство Фондот настапува со називот напишан на латинично писмо.

(2) Со Фондот управува КБ Инвест АД Скопје, со седиште на ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 50, Скопје, Република Северна Македонија.

(3) Депозитарна банка на Фондот е Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на ул. „Васил Иљоски" бр. 3 во Скопје, Република Северна Македонија.

## III. ДАТУМ НА ОСНОВАЊЕ И ВРЕМЕ ЗА КОЕ СЕ ОСНОВА ФОНДОТ

**Член 4**

(1) Фондот е основан со Одобрение од КХВ број УП1 08-167 од 08.03.2011 година.

(2) Фондот е основан на неопределено време.

## IV. НАЧИН И ПОСТАПКА НА ИНФОРМИРАЊЕ

**Член 5**

Друштвото ги известува сопствениците на удели во Фондот за:
- Годишните, полугодишните и кварталните извештаи за работењето на Фондот;
- Дневната нето вредност на имотот на Фондот и вредноста на уделот;
- Цената на издавање и откуп на удели;
- Прекин на откуп и исплата на удели;
- Измени на Статутот и на Проспектот на Фондот и
- Други известувања предвидени со законските и подзаконските прописи.

**Член 6**

Примерок од проспектот, статутот и клучните информации за инвеститорите или дополнителни информации за Фондот, како и полугодишни и ревидирани годишни извештаи, може да се добијат во седиштето на Друштвото на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 50, Скопје или, пак, да се преземат од неговата интернет-страница www.kbinvest.mk.

## V. МИНИМАЛЕН ИЗНОС НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРИБЕРАТ

**Член 7**

Во отворениот инвестициски фонд КБ Инвест – Обврзници, согласно Законот се собрани парични средства во минимален износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на ден 24.03.2011 година.

## VI. ПРАВА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА УДЕЛИ

**Член 8**

(1) Уделот на сопственикот му ги обезбедува следните права:
- Право на информираност;
- Сразмерно учество во нето добивката на Фондот, во согласност со член 32 од овој Статут;
- Откуп на уделот од страна на Друштвото, на писмено барање на инвеститорот и
- Право на сразмерно учество во остатокот на ликвидациската маса на Фондот во случај на негова ликвидација.

(2) Правата од удели, сопствениците на удели во Фондот ги стекнуваат со запишување во Регистарот на удели во Фондот. Друштвото води Регистар на удели во Фондот согласно законските и подзаконските прописи.

**Член 9**

Сопствениците на удели во Фондот имаат еднакви права во однос на Фондот. Сопствениците на удели во Фондот имаат одговорност ограничена до висината на вредноста на уделите што ги поседуваат во Фондот. Уделот е непреносив, освен во случаите предвидени со закон.

VII. ЦЕЛИ НА ФОНДОТ И ПРИНЦИПИ НА ВЛОЖУВАЊА

**Член 10**

Друштвото го основа Фондот со цел прибирање парични средства од сите заинтересирани вложувачи преку купување удели во Фондот, а во согласност со Законот за инвестициски фондови (во понатамошниот текст: Законот), Статутот и Проспектот на Фондот.

**Член 11**

Друштвото управува со прибраните парични средства со цел остварување пораст на вредноста на уделот, преку управување со ризиците од вложување средства во финансиски инструменти во согласност со инвестициската политика на Фондот утврдена во Статутот и Проспектот.

**Член 12**

Во процесот на управување со средствата, Друштвото ќе настојува да оствари адекватен принос за сопствениците на удели во Фондот почитувајќи ги ограничувањата во вложувањата, како и потребите за ликвидност и сигурност на вложените средства.

**Член 13**

(1) Паричните средства, прибрани со продажба на удели преку јавен повик, се вложуваат во различни финансиски инструменти, во согласност со Законот, Статутот и Проспектот на Фондот.

(2) Вложувањата во должнички хартии од вредност издадени од Република Македонија, земји членки на Европската Унија и OECD може да надминат 35% од имотот на Фондот.

**Член 14**

Во процесот на инвестирање на средствата на Фондот, а со цел остварување на поставените цели и инвестициската политика, Друштвото ќе ги почитува принципите на: ликвидност, профитабилност, диверзификација на ризикот, транспарентност, совесност и професионалност, заштита на интересите на инвеститорите, доверливост и тајност на податоците и непристрасност и неутралност.

VIII. ВИДОВИ ИНВЕСТИЦИСКИ РИЗИЦИ

**Член 15**

Стратегијата на избор на инструменти од кои ќе се гради портфолиото на Фондот укажува на ниско ниво на ризик.

**Член 16**

Ризикот кој произлегува од вложување во инструменти на пазарот на капитал е веројатност или можност приносот од инвестицијата да биде незадоволителен или негативен. Незадоволителен или негативен принос може да се појави како резултат на следниве ризици:

- Ризик од промена на цените на финансиските инструменти во кои е вложен имотот на Фондот (пазарен ризик);

- Кредитен ризик;
- Ризик од промена на каматни стапки;
- Валутен ризик;
- Ризик од предвремено плаќање;
- Политички ризик;
- Ризик од промена на даночните прописи;
- Ризик поврзан со ликвидноста.

## IX. НАЈНИЗОК ИЗНОС НА ВЛОЖУВАЊЕ ВО ФОНДОТ

**Член 17**

(1) Почетната цена на уделот изнесува 100,00 денари.

(2) Минималната уплата за купување удели изнесува 1.000,00 денари.

## X. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ УДЕЛИ

**Член 18**

(1) Секој потенцијален инвеститор може да купи удели во Фондот со уплата на парични средства на сметката на Фондот, а по претходно поднесено Барање за купување удели.

(2) Продажбата на уделите во Фондот ја врши Друштвото. Овластено лице за продажба на удели во име и за сметка на Друштвото може да биде лице вработено во Друштвото или друго лице кое е договорно ангажирано од страна на Друштвото. Покрај Друштвото, продажбата на уделите во Фондот можат да ја вршат физички и правни лица кои склучуваат договор за посредување со Друштвото, и тоа:

- Овластена банка согласно со Законот за банките;
- Инвестициски агенти;
- Брокерска куќа со дозвола за работа добиена од КХВ и
- Подружница на странска брокерска куќа која има добиено дозвола за работа од КХВ.

**Член 19**

(1) Друштвото за управување и вложувачите во Фондот засноваат договорен однос преку поднесување на Пристапница и Барање за купување удели од страна на вложувачот и прифаќање на Пристапницата и Барањето и издавање на удели на вложувачот од страна на Друштвото.

(2) При првото стекнување на удели во Фондот, договорот се смета за склучен со поднесување Барање за купување удели, уплата на паричните средства во износ дефиниран во барањето од страна на вложувачот и прифаќање на поднесеното барање и уплатените парични средства од страна на Друштвото. При сите натамошни стекнувања на удели во отворениот фонд договорот за вложување се смета за склучен во моментот кога инвеститорот ќе биде запишан во Регистарот на удели.

(3) Инвеститорите секој работен ден можат да достават до Друштвото Пристапница и Барање за купување удели заедно со неопходните прилози кон тоа барање. Пристапницата и Барањето се пополнуваат на посебен формулар изготвен од Друштвото. Формуларот може да се добие во просториите на Друштвото, на неговата интернет-страница и преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа.

(4) При поднесувањето на Пристапницата и Барањето, клиентот физичко лице треба да се легитимира со важечки документ за лична идентификација (лична карта или пасош). Клиентот правно лице треба да прикаже веродостоен документ за правниот статус, согласно законските прописи, како тековна состојба од регистрацијата или друг документ од надлежен орган.

(5) Ако при поднесувањето на Пристапницата и Барањето, клиентот физичко или правно лице се претставува преку полномошник, кон Пристапницата и Барањето треба да се приложи и нотарски заверено полномоштво, кое треба да содржи изрично овластување за купување удели. Во определени специфични случаи (малолетно лице, или лице на кои му е делумно или целосно ограничена деловната способност), Пристапница и Барање за купување удели поднесува законскиот застапник (родител, старател, посвоител) на малолетното лице, или лицето на кое му е делумно или целосно ограничена деловната способност.

(6) Инвеститорите купуваат удели во Фондот според нето вредноста по удел на денот на купување (Т), доколку паричните средства се уплатени до 24:00 часот во работниот ден. За уплати во неработни денови, уделите се купуваат според нето вредноста по удел наредниот работен ден на вреднување (Т+1).

(7) Продажната цена на уделите е еднаква на нето вредноста на имотот на Фондот по удел.

(8) Уделите се продаваат само за парични средства.

(9) Друштвото за управување може да го одбие склучувањето на договорот за вложување доколку:

- оцени дека целта на уплатата или на Барањето за купување удели е да се нанесе штета на останатите инвеститори во Фондот, односно Фондот би можел да биде изложен на ризик од неликвидност и несолвентност или би било оневозможено остварувањето на инвестициската цел и стратегија на Фондот;
- односите помеѓу Друштвото за управување и инвеститорот се тешко нарушени поради постоење на судска или друга постапка; и
- постои основано сомнение дека е извршено или има обид да биде извршено перење пари или финансирање на тероризам согласно со прописите од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам.

(10) Друштвото го известува инвеститорот за одбивањето на склучување договор, а истото е можно сè до моментот на упис на инвеститорот во Регистарот на удели. Доколку е извршена уплата на парични средства од страна на инвеститорот, а Друштвото за управување го одбие склучувањето на договорот за вложување, Друштвото ќе му ја врати на инвеститорот целата сума на уплатени средства на сметката од која е извршена уплатата во рок од пет дена од денот на одбивањето на договорот.

(11) По прифаќање на Барањето за купување удели и паричните средства од страна на Друштвото, паричните средства, по одбивање на влезниот надоместок предвиден со Статутот и Проспектот, без одлагање се внесуваат во имотот на Фондот. Друштвото му издава удели на инвеститорот соодветно на уплатените парични средства и врши упис на издадените удели во Регистарот на удели којшто го води во име на Фондот.

(12) За уделите се води евиденција во електронска форма во Друштвото и во Депозитарната банка. На инвеститорите кои купиле удели Друштвото им издава Потврда за купување удели во рок од еден (1) работен ден по извршената уплата во отворениот фонд. Потврдите за купување удели можат да му бидат врачени лично на клиентот, односно законскиот застапник или на

полномошник со уредно нотарски заверено полномошство или да бидат доставени преку пошта, на адресата наведена во Барањето.

## XI. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА ОТКУП НА УДЕЛИ

### Член 20

(1) Секој сопственик на удели има право да бара откуп на тие удели и на тој начин да истапи од Фондот.

(2) Уделите во отворениот фонд се откупуваат според цената што одговара на вредноста на уделот утврдена првиот нареден работен ден на процена на вредноста на имотот на Фондот. Откупот на удели се реализира според цената на уделот за истиот работен ден доколку Друштвото го примило Барањето за откуп до 14:00 часот, а се пресметува првиот нареден работен ден. Барањата за откуп примени по 14:00 часот се сметаат дека се поднесени првиот нареден работен ден. Барањата за откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото ќе ги пресметува по цена на удел од првиот нареден работен ден.

(3) Откупната цена на уделот се искажува како број со четири децимали.

(4) Сопственикот на удели може секој работен ден да поднесе Барање за откуп на сите или на одреден број удели на посебен формулар – Барање за откуп на удели, кое може да го добие во седиштето на Друштвото, на неговата интернет-страница, како и преку продажната мрежа воспоставена на договорна основа. Ако клиентот физичко или правно лице се претставува преку полномошник, кон Барањето за откуп треба да се приложи и нотарски заверено полномошство, кое треба да содржи изрично овластување за откуп на удели.

(5) При поднесувањето на Барањето за откуп, сопствениците на удели, односно нивните законски застапници или полномошници, се легитимираат со важечки документ за лична идентификација.

(6) На инвеститорите кои продале удели Друштвото им издава Потврда за откуп на удели во рок од еден (1) работен ден по извршената исплата од Фондот. Потврдите за откуп на удели можат да му бидат врачени лично на клиентот, односно законскиот застапник или на полномошник со уредно нотарски заверено полномошство или да бидат доставени преку пошта, на адресата наведена во Барањето.

(7) Средствата од откупот на удели се исплаќаат на сметка на сопственикот на откупените удели во рок од седум календарски дена од приемот на барањето за откуп.

## XII. НАЧИН И ВРЕМЕ НА ПРЕСМЕТКА НА НЕТО ВРЕДНОСТА НА ИМОТОТ НА ФОНДОТ

### Член 21

(1) Нето вредноста на имотот на Фондот се утврдува како разлика помеѓу вредноста на имотот на Фондот (односно пазарната вредност на финансиските инструменти во кои се вложени средствата на Фондот) и вредноста на вкупните обврски на Фондот и се пресметува согласно подзаконски акт донесен од страна на КХВ.

(2) Нето вредноста на имотот на Фондот се пресметува секој работен ден за секој ден од годината и се искажува во денари по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија за денот за кој се врши пресметувањето.

(3) Ден на вреднување на имотот на Фондот (Т-1) е денот кој му претходи на денот (Т) во текот на кој се пресметува нето вредноста на имотот по удел на Фондот.

## XIII. ВРЕМЕ, НАЧИН И ЗАЧЕСТЕНОСТ НА ПРЕСМЕТКА НА ПРОДАЖНАТА ЦЕНА ПРИ ИЗДАВАЊЕ НОВИ УДЕЛИ ИЛИ ОТКУП НА ПОСТОЈНИТЕ

### Член 22

(1) Друштвото ја пресметува нето вредноста по удел во Фондот секој работен ден за секој ден од годината, најдоцна до 16:00 часот. Ден на пресметка е денот на којшто се пресметува нето вредноста на имотот на Фондот. Нето вредноста по удел е нето вредност на имотот на отворениот фонд поделена со бројот на уделите на Фондот на денот на вреднување на нето вредноста на имотот на фондот.

(2) Инвеститорите купуваат удели во Фондот според нето вредноста по удел на денот на купување (Т), доколку паричните средства се уплатени до 24:00 часот во работниот ден. За уплати во неработни денови, уделите се купуваат според нето вредноста по удел наредниот работен ден на вреднување (Т+1). Тоа значи дека инвеститорите купуваат удели по непозната цена односно вредност.

(3) Откупот на удели се реализира според цената на уделот за истиот работен ден доколку Друштвото го примило Барањето за откуп до 14:00 часот, а се пресметува првиот нареден работен ден. Барањата за откуп примени по 14:00 часот се сметаат дека се поднесени првиот нареден работен ден. Барањата за откуп на удели кои се примени во неработен ден, Друштвото ќе ги пресметува по цена на удел од првиот нареден работен ден. Тоа значи дека уделите се откупуваат по непозната цена односно вредност.

## XIV. ОБЈАВУВАЊЕ ЦЕНИ

### Член 23

Вредноста на поединечниот удел во Фондот ја утврдува Друштвото секој работен ден за секој ден од годината, а пресметувањето го контролира и го потврдува Депозитарната банка.

### Член 24

Цените се објавуваат на интернет-страницата на Друштвото.

## XV. ОКОЛНОСТИ ПОД КОИ МОЖЕ ДА ДОЈДЕ ДО ПРЕКИН НА ИЗДАВАЊЕ ИЛИ ОТКУП НА УДЕЛИ

### Член 25

(1) Продажбата и откупот на уделите во Фондот може да се прекине доколку Друштвото и Депозитарната банка сметаат дека не е можно да се утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, при што престанува продажбата и откупот на удели во интерес на постојните и потенцијалните сопственици на удели. Прекин на продажбата и откупот на удели во

отворениот инвестициски фонд може да настане и кога во рок од еден ден ќе се доставaт барања за откуп на удели од Фондот во износ поголем од 10% од вредноста на имотот на Фондот, а Фондот во законски пропишаниот рок не е во можност да ги реализира барањата.

(2) Прекинот на продажба и откуп на удели Друштвото ќе го пријави до КХВ и ќе го објави во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија и на својата интернет-страница. Прекин на продажба и откуп на удели Друштвото може да изврши по добивање согласност од страна на КХВ и за него писмено да ги извести сопствениците на удели.

(3) Друштвото веднаш, но не подоцна од 24 часа по констатирањето дека не може да ја утврди точната цена на имотот од портфолиото на Фондот, доставува барање до КХВ за добивање согласност за прекин на продажба и откуп на удели на отворениот инвестициски фонд.

(4) Во периодот на постапката за добивање согласност од КХВ за прекин на продажбата и откупот на удели во отворениот инвестициски фонд, Друштвото не смее да продава и откупува удели од Фондот сѐ до завршувањето на постапката за добивање согласност која се води пред КХВ, односно сѐ до прекинување на постапката за добивање согласност доколку во периодот на добивање согласност за прекин на продажба и откуп се создадат услови за утврдување на точната цена на имотот од портфолиото на Фондот.

(5) КХВ може да му наложи на Друштвото и на Депозитарната банка привремено да ја прекинат продажбата и откупот на удели, доколку се стекне со сознанија или има оправдани причини за сомнеж дека на вложувачите им се нанесува штета поради неточна пресметка на цената на уделите во Фондот.

(6) Прекинот на продажба и откуп ќе заврши откако Друштвото и Депозитарната банка ќе оценат дека е можно да се одреди точната цена на имотот на портфолиото на Фондот, а најдоцна во рок од 28 дена од почетокот на престанокот, освен ако КХВ не се согласи за продолжување на назначениот рок. Известувањето за продолжување на продажбата и откупот на удели во Фондот ќе се објави во најмалку два дневни весника во Република Северна Македонија.

(7) За времето додека трае прекинот на продажба и откуп на удели, Друштвото може да продолжи со примање Барања за купување или откуп на удели кои ќе се реализираат по завршувањето на прекинот. Додека трае прекинот налозите на налогодавачите, односно Барањата за откуп или купување удели нема да бидат извршени во роковите предвидени со Статутот и Проспектот на Фондот.

## XVI. ОПИС НА ИЗНОСОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ДОЗВОЛЕНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ

### Член 26

(1) На товар на имотот на Фондот можат да се пресметуваат следните трошоци и надоместоци:
- Надоместок за управување;
- Надоместок на депозитарната банка;
- Трошоци поврзани со купопродажба на имот на Фондот;
- Други трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето.

(2) На товар на инвеститорите можат да се пресметуваат следните надоместоци:
- Влезен надоместок за издавање удели и
- Излезен надоместок за откуп и исплата на удели.

**Член 27**

На годишно ниво Друштвото наплатува надоместок за управување со средствата во висина од 1,5% од вредноста на имотот на Фондот пресметан согласно законските и подзаконските акти и тој во целост му припаѓа на Друштвото.

**Член 28**

(1) Друштвото на товар на имотот на Фондот плаќа надоместоци и трошоци на депозитарната банка за работите кои се дефинирани во договорот со депозитарната банка, Законот, Статутот и Проспектот на Фондот и Тарифата за надоместоци и трошоци за вршење работи на депозитарната банка.

(2) На товар на имотот на Фондот, Друштвото на депозитарната банка ѝ плаќа надоместок на годишно ниво во зависност од висината на вредноста на имотот на Фондот на денот на вреднување, со примена на следниве стапки:

- до 100.000.000,00 денари 0,19%
- над 100.000.001,00 денари 0,17%

(3) На товар на имотот на Фондот, Друштвото на депозитарната банка ѝ плаќа и за трошоците за субдепозитарната банка. Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци.

**Член 29**

(1) На товар на имотот на Фондот, Друштвото ги плаќа сите трошоци поврзани со купување и продавање на имот на Фондот, како што се:

- Трошоци за брокерски провизии;
- Берзанска такса;
- Централен депозитар за хартии од вредност;
- Даноци;
- Други трошоци поврзани со порамнување на трансакциите.

(2) Износот на овие трошоци е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции, и истите се на товар на имотот на Фондот.

**Член 30**

(1) Останати трошоци кои ќе произлезат во текот на работењето, а се на товар на имотот на Фондот се:

- Трошоците за ревизија на финансиските извештаи на Фондот;
- Трошоци за исплата на даноци на отворениот фонд;
- Трошоци за месечен надомест на КХВ и
- Други трошоци утврдени со закон.

(2) Износот на останатите трошоци од овој член е еднаков на реално остварените трошоци кои произлегуваат од договорите, односно тарифниците на релевантните институции.

XVII. НАДОМЕСТОЦИ КОИ СЕ ОДБИВААТ ПРИ КУПУВАЊЕ И ОТКУП НА УДЕЛИ

**Член 31**

(1) Влезен надоместок за издавање удели (или т.н. влезна провизија или entry fee) претставува надоместок кој инвеститорот го плаќа при секоја уплата во Фондот.

(2) Во случај на еднократна уплата, влезен надоместок за издавање удели се пресметува на вкупниот износ на уплатата, со примена на следниве стапки:

| | |
|---|---|
| - до 149.999,00 денари | 1,5% |
| - од 150.000,00 денари до 299.999,00 денари | 1,0% |
| - од 300.000,00 денари | 0,0% |

Износот на влезната провизија се пресметува со користење на следната формула:

$$\text{Влезна провизија} = \text{Вкупен износ на уплата} - \frac{\text{Вкупен износ на уплата x 100}}{\text{100 + \% на влезна провизија}}$$

(3) Инвеститорите може да изберат нееднакви уплати каде што инвеститорот одлучува за висината на вкупниот влог и за начинот на уплати. Влезен надоместок за издавање удели (или влезна провизија) се наплаќа при уплатата на првиот дел од вкупниот влог. Висината на влезната провизија се одредува во зависност од износот на вкупниот влог, согласно предвидените стапки од став 2 на овој член.

(4) Нееднаквите уплати од став 3 на овој член завршуваат во моментот кога ќе се уплати вкупната договорена сума. Инвеститорот може да ги прекине нееднаквите уплати со поднесување целосен откуп на удели во Фондот, пред неговото комплетирање. Во тој случај, инвеститорот не може да побарува враќање на веќе наплатените надоместоци или услови за плаќање понизок влезен надоместок на натамошни уплати. Доколку се појави разлика во влезната провизија која важи за еднократна уплата споредена со кумулативниот уплатен износ, таа ќе биде дополнително наплатена со задржување средства во висина на разликата при првиот нареден откуп на удел. Влезната провизија за сите дополнителни уплати над договорениот износ се наплатува во согласност со горенаведените стапки за еднократни уплати.

(5) Друштвото може да склучи Договор за инвестициски план со правно лице (работодавач или продавач на стоки и услуги, здружение на работодавачи, професионално здружение, синдикат, конзорциум или друг облик на здружување лица кој е регистриран согласно со закон). Овој договор претставува договор во корист на трети лица, кои стануваат членови на инвестицискиот план, односно крајни корисници. Организаторот е должен да достави до Друштвото известување за престанок на работен однос, деловен однос, односно за престанок на сите идни уплати на сметка на кој било член, по кој било основ. Член на инвестициски план кому му престанал работниот однос, деловниот однос, односно својството на член на Организаторот, може да остане во Фондот или да поднесе Барање за делумен или целосен откуп на удели, согласно со Статутот и Проспектот на Фондот.

(6) Акционерите на Друштвото се ослободуваат од плаќање влезен надоместок. Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи инвеститорот од плаќање влезен надоместок за издавање удели согласно овој Статут и Проспектот на Фондот и по одобрување од страна на Одборот на директори на Друштвото.

(7) Излезен надоместок за откуп и исплата на удели од Фондот (односно излезна провизија) ќе се наплатува доколку се повлечат инвестираните средства во рок пократок од шест (6) месеци од моментот на купување удели во Фондот. Во случај на повеќекратни уплати ќе се применува FIFO методот, каде што исплатата на удели се врши по хронолошки редослед почнувајќи од првата

регистрирана уплата. Излезниот надоместок за откуп и исплата на удели изнесува 0,75% и се пресметува на вкупниот износ на исплатата.

(8) Акционерите на Друштвото се ослободуваат од плаќање излезен надоместок. Друштвото може да го намали или во целост да го ослободи инвеститорот од плаќање излезен надоместок за откуп на удели согласно овој Статут и Проспектот на Фондот и по одобрување од страна на Одборот на директори на Друштвото.

(9) Сопствениците на удели може да извршат замена на уделите од еден фонд во друг управуван од страна на Друштвото на начин и под услови утврдени со Проспектот на Фондот.

## XVIII. ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ИСПЛАТА НА ДЕЛ ОД ДОБИВКАТА НА ФОНДОТ

**Член 32**

(1) Остварената добивка на Фондот се утврдува во финансиските извештаи и во целост им припаѓа на сопствениците на удели, пропорционално на нивното учество во Фондот.

(2) Правото на учество во добивката сопствениците на удели го остваруваат преку откуп, односно продажба на удели, како разлика помеѓу влезната и излезната цена на уделот намален за сите трошоци и надоместоци.

(3) Приходите од инструментите во кои се вложени средствата на Фондот, како што се капиталните добивки, позитивните курсни разлики, дивиденди и каматни приходи нема да се исплатуваат, туку автоматски ќе се реинвестираат со цел да се зголеми цената на уделот во Фондот.

(4) Сопствениците на удели се изјаснуваат за согласност за реинвестирањето на добивката во поднесената Пристапница.

(5) Добивката на Фондот е содржана во цената на еден удел.

## XIX. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ФИСКАЛНАТА ГОДИНА

**Член 33**

Фискалната година трае од 1 јануари до 31 декември.

## XX. ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА СТАТУТОТ

**Член 34**

Првиот Статут на инвестицискиот фонд е донесен со Одлука бр. 02-1730/1/10 од Одбор на директори на 14.12.2010 година, која е одобрена со Решение од КХВ бр. УП1 08-167 од 08.03.2011 година. Измени на Статутот на Фондот се направени со Одлука бр. 02-1086/1/12 од Одбор на директори од 10.05.2012 година, која е одобрена од КХВ со Решение бр. 08 УП1/193 од 5.7.2012 година и Одлука бр. 02-2332/1/22 од Одборот на директори од 08.07.2022 година која е одобрена од КХВ со Решение бр. УП1 08-163 од 21.07.2022 година. Последниот пречистен текст на Статутот е усвоен со Одлука бр. 02-3813/1/22 од Одборот на директори од 09.11.2022 година која е одобрена од КХВ со Решение бр. УП1 08-290 од 30.11.2022 година.

XXI. ПОДАТОЦИ ЗА ДРУШТВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ

**Член 35**

(1) Со Фондот управува КБ Инвест АД Скопје, чиј мнозински акционер е Комерцијална банка АД Скопје. Почетниот капитал на Друштвото изнесува 700.000,00 евра, во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(2) Статутот на Друштвото е усвоен на ден 27.08.2008 година и одобрен од КХВ со Решение бр. 07-3453/9 од 19.12.2008 година. Друштвото е запишано во Трговскиот регистар на Централниот регистар на Република Северна Македонија на ден 15.1.2009 година. Друштвото е основано на неопределено време.

(3) Друштвото е одговорно за вршење на дејноста на управување со Фондот во согласност со законските и подзаконските прописи, Статутот и Проспектот на Фондот.

(4) Друштвото одговара со целиот свој имот за правните работи склучени во свое име и за сметка на сопствениците на удели во Фондот.

XXII. ОСТАНАТИ ОДРЕДБИ

**Член 36**

За сè што не е регулирано со овој Статут ќе се применуваат одредбите од Законот за инвестициски фондови и другите законски и подзаконски прописи.

**Член 37**

Овој Статут влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето одобрение за него од страна на КХВ.

КБ Инвест АД Скопје
Претседател на Одборот на директори
Ирена Живковиќ Зарева